Република Македонија

Ј.З.У. Центар за јавно здравје-Скопје



# БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ И МОРТАЛИТЕТ ВО СКОПСКИОТ РЕГИОН: АНАЛИЗА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2007-2014

Скопје, 2015

Република Македонија
Ј.З.У. Центар за јавно здравје Скопје

# БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ И МОРТАЛИТЕТ ВО СКОПСКИОТ РЕГИОН: АНАЛИЗА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2007-2014

Скопје, 2015

**Република Македонија**
**Ј.З.У. Центар за јавно здравје Скопје**

**Директор: д-р спец. Шемси Муса**

Обработка на податоците: **Одделение за социјална медицина**

Раководител на Одделението: **прим. д-р сци. Весна Спирова**

Уредник и автор: **прим. д-р сци. Весна Спирова**

Информатичка обработка: **дипл. инг. Нијази Абдији**

## Содржина

**ПРЕДГОВОР**

**1 Цел и методологија на работа**

**2 Регистриран болнички морбидитет**

**3 Регистриран болнички морбидитет**

**4 Заклучоци и препораки**

**5 Користена литература**

**6 Прилог табели**

6.1.1 Скопски регион-болнички морбидитет
6.1.2 Скопски регион-болнички морбидитет, старосна структура
6.2 Град Скопје-болнички морбидитет
6.3 Општина Аеродром-болнички морбидитет
6.4 Општина Бутел-болнички морбидитет
6.5 Општина Гази Баба-болнички морбидитет
6.6 Општина Ѓорче Петров-болнички морбидитет
6.7 Општина Карпош-болнички морбидитет
6.8 Општина Кисела Вода-болнички морбидитет
6.9 Општина Сарај-болнички морбидитет
6.10 Општина Центар-болнички морбидитет
6.11 Општина Чаир-болнички морбидитет
6.12 Општина Шуто Оризари-болнички морбидитет
6.13 Општина Арачиново-болнички морбидитет
6.14 Општина Зелениково-болнички морбидитет
6.15 Општина Илинден-болнички морбидитет
6.16 Општина Петровец-болнички морбидитет
6.17 Општина Сопиште-болнички морбидитет
6.18 Општина Студеничани-болнички морбидитет
6.19 Општина Чучер-Сандево-болнички морбидитет
6.20 Скопски регион-болнички морталитет



## ПРЕДГОВОР

*Анализата на болничкиот морбидитет и морталитет во Скопскиот регион* - рутинирано се подготвува на Одделението за социјална медицина во Центарот за јавно здравје-Скопје во облик на публикација со табеларни и графички прикази, за да го прикаже вкупниот морбидитет и морталитет регистриран на годишно ниво во болничките здравствени установи кај населението од градот Скопје и Скопскиот регион во целост.

Анализата е изготвена во согласност со Националаната годишна програма за јавно здравје во Република Македонија за 2015 година, а врз основа на Законот за државната статистика и Програмата за статистички истражувања за периодот 2013-2017 година, Законот за евиденциите во областа на здравството и Законот за јавно здравје.

Податоците за болничкиот морбидитет на населението во Скопскиот регион се презентирани на ниво на општини, како единици на локалната самоуправа , НТЕС 4, а податоците за болничкиот морталитет се презентирани на ниво на регион, НТЕС 3, во согласност со важечката класификација НТЕС.

Обликот и содржината на табелите во публикацијата овозможуваат детален аналитички приод во користењето на податоците од страна на органите на државната власт, единиците на локалната самоуправа, јавните и приватните здравствени установи, здравствените работници, јавноста и други корисници. Целта на собирањето на податоците и презентирањето на информациите е да се овозможи планирање, алокација и евалвација на здравствените служби, епидемиолошки и медицински истражувања и слично.

Ваквото континуирано подготвување и публикување на податоците за болничкиот морбидитет и морталитет, кои се прибираат и обработуваат според утврдена и единствена методологија и со примена на единствени статистички стандарди, овозможува нивно временско следење и анализирање како корисен и веродостоен показател за здравствената состојба на населението. Анализата може да послужи како основа за донесување валидни одлуки од менаџерите во приватните и јавните здравствени установи во планирањето на нивниот развој, како поддршка на научни истражувања и обезбедување на споредливи податоци.

## ЦЕЛ И МЕТОДОЛОГИЈА НА РАБОТА

*Целта на оваа Анализа е да ги прикаже болничкиот морбидитет и морталитет на населението од Скопскиот регион во 2014 година споредено со податоците од 2010 и 2012 година, кои понатаму треба да им послужат на здравствените установи, органите на државната власт, на единиците на локалната самоуправа, јавните служби, јавноста и на други корисници како основа за донесување валидни одлуки во планирањето на нивниот и регионалниот развој, во поддршка на научни истражувања и во обезбедување на споредливи податоци.*

*Презентираните податоци за болничкиот морбидитет и морталитет произлегуваат од индивидуалниот* ***Извештај за стационарно лекувано лице, Обр. бр. 3 - 21 - 61 А****, кој редовно се пополнува во болничките здравствени установи за секој испишан болен и рутинирано се доставува до центрите за јавно здравје во Републиката.*

*На Одделението за социјална медицина во Центарот за јавно здравје-Скопје во текот на календарската 2014 година се примени, логички контролирани и компјутерски обработени 120 332 вакви извештаи со примена на соодветни стандарди. Од вкупниот број обработени извештаи, 66 682 (55,4%) се однесуваат на жители на Скопскиот регион, 50544 (42,0%) се однесуваат на жители на останатите седум статистички региони на Република Македонија и 3 106 (2,6%) се однесуваат на жители на странски држави.*

На овој начин јавните и приватните болнички капацитети во градот Скопје обезбедуваат секундарна и терцијарна болничка здравствена заштита за населението на градот Скопје и Скопскиот регион и, главно, терцијарна здравствена заштита за населението од останатите региони во Република Македонија и од странство.




**Слика 1.** Центарот за јавно здравје-Скопје, континуирано и во целост, од различни здравствено-статистички аспекти го следи болничкото лекување во сите капацитети на територијата на Скопскиот регион.

Во евалвацијата на болничкиот морбидитет и морталитет е користена дескриптивна анализа и аналитички статистички метод, со примена на следните показатели:

- **Стапка на болнички морбидитет на 1000 жители** за (1) вкупниот број болнички лекувани лица, (2) според групите на болести во согласност со МКБ-X, за Скопскиот регион, за градот Скопје и за сите 17 општини во Регионот, одделно.
- **Индекс на динамика 2014/2010 и 2014/2012 година** (1) за вкупниот број испишани болни, (2) според групите на болести во согласност со МКБ-X, вкупно за Скопскиот регион, за градот Скопје и за сите 17 општини, одделно.
- **Структура на болнички морбидитет** според групите на болести во согласност со МКБ-X за (1) вкупниот број испишани болни и според старосната структура одделно за оние (2) на возраст од 0-14 години и (3) постари од 65 години, за Скопскиот регион во целост.
- **Стапка на болнички морталитет во %, т.е. број на починати во болница од 100 лекувани лица**, (1) **општа стапка на болнички морталитет**, вкупно за сите старосни групи и сите заболувања, и (2) **специфична стапка на болнички морталитет** според групите на болести во согласност со МКБ-X и одделно за две старосни групи од интерес, од 0-14 години и постари од 65 години, за Скопскиот регион вкупно.
- **Структура на болнички морталитет** според групите на болести во согласност со МКБ-X, за (1) вкупниот број умрени во болница и одделно за бројот на умрени болни (2) на возраст од 0-14 години и за (3) оние постари од 65 години, жители на Скопскиот регион.

Податоците за бројот на населението на ниво на општини за 2014 година се проценети во Центарот за јавно здравје-Скопје врз основа на податоци од Државниот завод за статистика на Република Македонија претходно публикувани за бројот на населението на ниво на општини за 2013 година.

## Регистриран болнички морбидитет

Податоците од регистрираниот болнички морбидитет за населението во Скопскиот регион во 2014 година говорат дека меѓу причините за хоспитализација, на прво место стојат Болестите на респираторниот систем, J00-J99. Од вкупниот број хоспитализирани лица, 14.9% се примени во болница поради овие болести.




Извор: ЈЗУ Центар за јавно здравје-Скопје

**Дијаграм 1.** Структура на болничкиот морбидитет според групите на болести во согласност со МКБ-X за вкупниот број испишани болни во 2014 година, жители на Скопскиот регион.

Второрангирани се Неоплазмите, C00-D48, со 13,4%, по што следуваат Болестите на циркулаторниот систем, I00-I99, со учество од 13,1% во вкупните причини за прием во болница. Болестите на генитоуринарниот систем, N00-N99, со 12,0%, Болестите на дигестивниот систем, K00-K93, со 8,5% и Повредите, труењата и другите последици од надворешни причини, S00-T98, со 6,2% стојат на четвртото, петтото и шестото место на листата на причини за болничко лекување.

Во поглед на водечките причини за хоспитално лекување структурата на болничкиот морбидитет во 2014 година споредено со 2010 година покажува пораст на пропорцијата на респираторните заболувања, пад на пропорција на неоплазмите, намалување на пропорцијата на циркулаторните заболувања и пораст на учеството на генитоуринарните заболувања во вкупниот морбидитет. Пропорцијата на повредите останува скоро непроменета споредено со 2010 година.

Во овој контекст, болничкиот морбидитет покажува највисока стапка на хоспитализација за *Болестите на респираторниот систем, J00-J99*, од 16,1/1000 жители, после што следуваат веќе наброените групи на болести со вредност од 14,5/1000 жители за *Неоплазмите, C00-D48*, 14,2/1000 жители за *Болестите на циркулаторниот систем, I00-I99*, 13,0/1000 жители за *Болестите на генитоуринарниот систем, N00-N99*, 9,2/1000 жители за *Болестите на дигестивниот систем, K00-K93*, и 6,8/1000 жители за *Повредите, труењата и другите последици од надворешни причини, S00-T98*.

Временската серија од 2010-2014 година, дадена во Прилогот табели, открива дека во набљудуваниот период највисок базичен индекс 2014/2010 покажува групата *Болести на увото и на мастоидниот израсток, H60-H95 со вредност* 1.93. Со индекс од 1,48 следуваат *Болестите на окото и на аднексите. Болестите на генитоуринарниот систем, N00-N99*, бележат базичен индекс од 1,33, а по нив следуваат *Ендокрините, нутритивни и метаболични болести, E00-E90*, со индекс од 1,31. Најголем пад во индексираниот период од 2010 до 2014 година од 0.59 покажува групата болести *Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период, P00-P99*.

Меѓу хоспитализираните лица во 2014 година близу една третина (29,5%) се лица постари од 65 години. Споредено со нив, двојно е помал бројот на болнички лекувани деца до 14 години (15,8%).

Во поглед на структурата на групите болести според МКБ-X поединечно, хоспитализираните болни постари од 65 години со најголема пропорција (68,1%) учествуваат во групата (1) Болести на окото и на аднексите, (H00-H59), (2) Болести на циркулаторниот систем, I00-I99, (54.7%), (3) Болести на мускулно-скелетниот систем и сврзното ткиво (42,2%), (4) Неоплазми, C00-D48, (38.2%), (5) Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам, D50-D89, (38.2%), и (6) Повреди, труења и други последици од надворешни причини, S00-T98, (29,4%).

Од аспект на вкупните причини за хоспитализација на старите лица, Болестите на циркулаторниот систем, I00-I99, Неоплазмите, C00-D48 и Болестите на генитоуринарниот систем, N00-N99, се првите три најчести причини со учество од 24,3%, 17,3% и 9,2%, соодветно.

Во популацијата на деца до 14 години, најчести причини за болничко лекување се (1) Болестите на респираторниот систем, J00-J99, со учество од 47.5%, (2) Инфективните и паразитски болести, A00-Б99, со индекс на структура од 8.1%, и (3) Ендокрините, нутритивни и метаболични болести, E00-E90, со пропорција од 7.3%.




Извор: ЈЗУ Центар за јавно здравје, Скопје

**Дијаграм 2.** Регистриран болнички морбидитет според групите на болести во согласност со МКБ-X кај населението на Скопскиот регион, во периодот 2010-2014 година.

Од аспект на одделните групи на болести и вкупниот број на лекувани лица, децата до 14 години, имаат највисоко учество во групата Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности, Q00-Q99, со индекс од 60.7%. Следуваат групите Болести на респираторниот систем, J00-J99, Одредени инфективни и паразитски болести, A00-B99 и Ендокрините, нутритивни и метаболични болести, E00-E90, со индекс од 52,3, 46,0 и 42,3%, соодветно. Во групата болнички лекувани лица од Одредени инфективни и паразитски болести, A00-B99, децата до 14 години имаат високо учество со индекс од 46,0%, за разлика од старите лица чиј индекс на структура е само 7,5%.

Во поглед на просечното траење на лекување, во 2014 година, шест групи на болести бележат лекување во просек подолго од 10 дена. Имено, помеѓу 23,3 и 10,7 дена во просек биле лекувани хоспитализираните со основни заболувања од видот на (1) Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам, D50-D89, (2) Неоплазми, C00-D48, (3) Инфективни и паразитски болести, A00-B99, (4) Болести на нервниот систем, G00-G99, (5) Болести на мускулноскелетниот систем и сврзното ткиво, M00-M99, и (6) Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период, P00-P96. Најдолг престој во болница бележат лицата со Душевни растројства и растројства во обноските, F00-F99.

Вкупното просечно лекување во 2014 година траело 11,9 дена.




Извор: ЈЗУ Центар за јавно здравје, Скопје

**Дијаграм 3.** Регистриран болнички морбидитет според групите на болести во согласност со МКБ-Х кај населението на Скопскиот регион, во 2014 година, вкупно, и одделно за деца до 14 години и лица постари од 65 години.




Извор: ЈЗУ Центар за јавно здравје, Скопје

**Дијаграм 4.** Просечно траење на лекувањето според групите на болести во согласност со МКБ-Х кај населението на Скопскиот регион, во 2010 и 2014 година.




Извор: ЈЗУ Центар за јавно здравје, Скопје

**Дијаграм 6.** Просечно траење на лекувањето, вкупно, за населението од Скопскиот регион, во периодот од 2010 до 2014 година.

Од аспект на општината како место на живеење на болнички лекуваните лица, највисока стапка на општ болнички морбидитет во градот Скопје во 2014 година бележи општина Центар и Кисела Вода, со 274,0 и 172,0 хоспитализации на 1000 жители, соодветно. Најниски вредности се регистрирани за општините Сарај и Шуто Оризари, со 39,4 и 59,9 хоспитализации на 1000 жители, соодветно. Во седумте рурални општини општата стапка на болнички морбидитет се движи помеѓу 51,2/1000 жители во општина Илинден и 38,2/1000 жители во општина Зелениково.

## Регистриран болнички морталитет

Податоците за болничкиот морталитет добиени преку индивидуалните извештаи споредени со оние од збирните извештаи, Извештај на службата за болничко-стационарно лекување, Обр. бр. 3-21-60, кој, исто така, рутинирано се прибира од сите болнички установи, се нецелосни и за 2014 година чинат **37.7%** од бројот на умрени во болница.

Оттаму, морталитетот е прикажан збирно, за Скопскиот регион во целост.

Останува и понатаму потребата да се постигне добра пракса за целосно и веродостојно известување преку индивидуалните извештаи, а особено за *основната причина за смрт* во сите случаи кога исходот од хоспитализацијата е летален.




Извор: ЈЗУ Центар за јавно здравје, Скопје

**Дијаграм 7.** Болнички морталитет, Скопски регион 2014 година- графички приказ на близу 40 на сто од случаите според регистрираната основна причина за смрт.

## Заклучоци и препораки

**Болестите на респираторниот систем, J00-J99**, се најчестата причина за хоспитализација на населението во Скопскиот регион во 2014 година. Имено, **14.9%** од вкупниот број на случаи на болничко лекување се должат на овие заболувања. **Неоплазмите, C00-D48**, се втората најчеста причина за прием во болница со учество од **13.4%** во вкупниот број на хоспитализации.

**Општата стапка на болничкото лекување** од **108,4/1000 жители** во 2014 година е многу близу до општата стапка на болничко лекување за РМ од 114.4/1000 жители во 2011 година (последен достапен податок според European HFA Database, April 2014) и значително пониска од просечната стапка на болничко лекување за земјите на Европскиот регион од 179.3 и на земјите од Европската унија од 172.8/1000 жители во 2011 година (последен достапен податок според European HFA Database, April 2014).

Болничкиот морбидитет покажува највисока специфична стапка на болничко лекување за **Болестите на респираторниот систем, J00-J99**, од **16,1/1000 жители**, што е под стапката за РМ од 18.6/1000 жители во 2010 година. Специфичната стапка на болничко лекување за **Болестите на респираторниот систем, J00-J99**, за земјите од Европскиот регион и за земјите од Европската унија е 18.6/1000 жители и 13.9/1000 жители соодветно за 2010 година (последен достапен податок според European HFA Database, April 2014).

Според вредноста на специфичната стапка на болничко лекување вторoрангирани се **Неоплазмите, C00-D48**, со **14.5** хоспитализации на **1000 жители**, што е вредност пониска од таа за РМ од 16.2/1000 жители во 2010 година (последен достапен податок според European HFA Database, April 2014). За споредба бројот на отпусти за сите неоплазми за Европскиот регион и за Европската унија е 13.7/1000 и 16.3/1000 жители соодветно во 2010 година (последен достапен податок според European HFA Database, April 2014).

**Болестите на циркулаторниот систем**, I00-I99, со специфична стапка на болничко лекување од **14,2/1000 жители,** се исто така под специфичната стапка на болничкиот морбидитет за РМ од 17.2/1000 жители во 2010 година (последен достапен податок според European HFA Database, April 2014). За споредба бројот на отпусти заради болестите на циркулаторниот систем за Европскиот регион и за Европската унија е дури 25.3/1000 и 23.9/1000 жители соодветно во 2010 година (последен достапен податок според European HFA Database, April 2014).

Во временската серија од 2010 до 2014 година, највисок **базичен индекс 2014/2010** од **1.93** покажуваат ***Болестите на увото и на мастоидниот израсток**, H60-H95*. На второ место според вредноста на базичниот индекс 2014/2010 од 1.48 стојат ***Болестите на окото и на аднекситe.*** На третата позиција се ***Болестите на генитоуринарниот систем**, N00-N99*, со индекс од **1.33**. ***Ендокрините, нутритивни и метаболични болести**, E00-E90*, со индекс од **1.31 се четврторангирани**. Најизразено опаѓање на бројот на епизоди на болничко лекување се бележи за групата на ***Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период**, P00-P96*, со вредност на базичниот индекс од 0.59.

Близу ***една третина*** (29,5%) од хоспитализираните лица се **постари од 65 години**, додека **децата на возраст до 14 години** чинат близу ***една шестина*** (15,8%) од вкупно лекуваните болни во болница во 2014 година.

***Болестите на окото и аднекситe***, *H00-H59*, ***Болестите на циркулаторниот систем***, *I00-I99, и* ***Болестите на мускулноскелетниот систем и сврзното ткиво,*** *M00-M99,* се трите групи на болести според МКБ-Х во чија структура на лекувани болни лицата **постари од 65 години** учествуваат со највисок индекс и тоа од 68.1, 54.7 и 42.2%, соодветно.

Популацијата на **деца до 14 години** учествува во структурата на болничкиот морбидитет со индекс кој е највисок (1) во групата на ***Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности***, Q00-Q99, со вредност од 60.7%, (2) во групата на ***Болести на респираторниот систем***, J00-J99, со вредност од 50,5% и (3) во групата на ***Инфективни и паразитски болести***, A00-B99, со вредност од 43,5%.

Во **просек,** болничкото лекување во Скопје за жителите на Скопскиот регион, траело **11.9 денови** во 2014 година. Просекот на болничкото лекување, вкупно, во Република Македонија бил 8.7 денови во 2011 година, за земјите на Европскиот регион траело 9.5 денови во 2011 година и за земјите на Европската унија 9.1 ден во 2011 година (последен достапен податок според European HFA Database, April 2014). Најдолгото просечно болничко лекување, подолго од 4 месеци, се однесува на групата болести ***Душевни растројства и растројства во обноските***, F00-F99. Второ и треторангирани според просечното траење на лекувањето се групите (1) ***Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам***, D50-D89, со 23,3 денови и (2) ***Болести на нервниот систем***, G00-G99, со 18,7 денови.
Најкратко просечно траење на лекување во болница во 2014 година од **2.2 денови** и **2.4 денови** бележат групите ***Болести на окото и аднекситe***, H00-H59, и ***Бременост, породување и пуерпериум,*** O00-O99, соодветно.

Според <u>местото на живеење</u>, во 2014 година, највисока стапка на општ болнички морбидитет е регистриран во **општина Центар**, **7 пати повисока** споредено со најниската стапка во руралните општини.

Анализата дава слика за состојбата во болничкиот морбидитет во 2014 година споредено со 2010 и 2012 година. Овој петгодишен период покажува дека болниците се место на лекување со стапка на хоспитализација која незначително варира од **<u>113,6/1000 жители</u>** во **<u>2010 година</u>** до **<u>108,4/1000 жители</u>** во **<u>2014 година</u>**.

Презентираните карактеристики на болничкиот морбидитет во голема мера потврдуваат добра проценка на потребите за здравствена заштита на населението, добро планирање на соодветни здравствени услуги и ефективна алокација на ресурсите во целост.

Факторите кои влијаат врз карактерот на болничкиот морталитет и морбидитет се пред сé:

1. демографските карактеристики (возраста) на населението,
2. клиничките карактеристики на болеста,
3. коморбидитетот и
4. компликациите.

Карактеристиките како што се возраста, претходните заболувања и онеспособеност, тежината на актуелното заболување и коморбидитетот се непроменливи прогностички фактори врз кои не е можно да се влијае. Факторите, пак, врз кои може да се влијае се пред сé раните компликации. Ефективното менаџирање на компликациите влијае врз намалување на стапката на болничката смртност, врз должината на престојот во болница и чинењето на лекувањето.

**Системот на јавно здравје** ја истражува, ја следи и ја проучува здравствената состојба на населението со единствена цел навремено да се преземат мерки за да се подобри здравјето преку идентификација и одговор на основните закани по здравјето, со создавање на услови за обезбедување на правовремени, соодветни и достапни здравствени услуги.

# Користена литература


1. Анализа на болничкиот морбидитет во Република Македонија: 2008 и 2009, Скопје: Институт за јавно здравје на Република Македонија, 2011.
2. Македонија во бројки, 2014, Скопје: Државен завод за статистика на Република Македонија, 2014.
3. Регионите во Република Македонија, 2015 година, Скопје: Државен завод за статистика на Република Македонија, 2015.
4. European HFA Database (April 2014) WHO/Europe.
5. Закон за јавно здравје: Службен весник на Република Македонија, бр.22, 2010.
6. Закон за државна статистика: Службен весник на Република Македонија, бр.54/97, 21/07 и 51/11.
7. Програма за статистички истражувања за периодот 2013-2017 година: Државен завод за статистика на Република Македонија, 2013.
8. Национална стратегија на Република Македонија за превенција и контрола на незаразните болести (2009), Скопје: Министерство за здравство на Република Македонија, 2009.
9. Ситуациона и SWOT анализа на превенцијата и контролата на незаразните болести во Република Македонија, Скопје: Министерство за здравство на Република Македонија, 2014.
10. Здравствена стратегија на Република Македонија 2020 – сигурен, ефикасен и правичен здравствен систем, Скопје: Министерство за здравство на Република Македонија, 2007.
11. Стратегија за демографски развој на Република Македонија 2008-2015, Скопје: Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија, 2008.
12. Реформи на здравствениот систем во Република Македонија, Скопје: Центар за истражување и креирање на политики, 2010.

## Прилог табели

Скопски регион-болнички морбидитет
Скопски регион-болнички морбидитет, старосна структура
Град Скопје-болнички морбидитет
Општина Аеродром-болнички морбидитет
Општина Бутел-болнички морбидитет
Општина Гази Баба-болнички морбидитет
Општина Ѓорче Петров-болнички морбидитет
Општина Карпош-болнички морбидитет
Општина Кисела Вода-болнички морбидитет
Општина Сарај-болнички морбидитет
Општина Центар-болнички морбидитет
Општина Чаир-болнички морбидитет
Општина Шуто Оризари-болнички морбидитет
Општина Арачиново-болнички морбидитет
Општина Зелениково-болнички морбидитет
Општина Илинден-болнички морбидитет
Општина Петровец-болнички морбидитет
Општина Сопиште-болнички морбидитет
Општина Студеничани-болнички морбидитет
Општина Чучер-Сандево-болнички морбидитет
Скопски регион-болнички морталитет

## БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ

## СКОПСКИ РЕГИОН, 2010-2014

| ГРУПИ НА БОЛЕСТИ СПОРЕД МКБ-X | | ЛЕКУВАНИ БОЛНИ | | | | | ПРОСЕЧНО ЛЕКУВАЊЕ | | | Морбидитет на 1000 жители во 2010 | Морбидитет на 1000 жители во 2012 | Морбидитет на 1000 жители во 2014 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2010 | 2012 | 2014 | Индекс 14/10 | Индекс 14/12 | 2010 | 2012 | 2014 | | | |
| 0 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| A00-B99 | Одредени инфективни и паразитски болести | 2327 | 2229 | 1958 | 0.84 | 0.88 | 13.7 | 10.3 | 13.8 | 3.9 | 3.7 | 3.2 |
| C00-D48 | Неоплазми | 11985 | 11695 | 8925 | 0.74 | 0.76 | 5.7 | 6.0 | 14.2 | 19.9 | 19.2 | **14.5** |
| D50-D89 | Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам | 486 | 630 | 574 | 1.18 | 0.91 | **4.9** | **8.4** | **23.3** | 0.8 | 1.0 | 0.9 |
| E00-E90 | Ендокрини, нутритивни и метаболични болести | 1373 | 1942 | 1795 | 1.31 | 0.92 | **10.9** | **8.3** | **6.7** | 2.3 | 3.2 | 2.9 |
| F00-F99 | Душевни растројства и растројства во однесувањето | 1870 | 1860 | 1582 | 0.85 | 0.85 | 162.8 | 394.0 | 129.7 | 3.1 | 3.1 | 2.6 |
| G00-G99 | Болести на нервниот систем | 1107 | 1127 | 1238 | 1.12 | 1.10 | 13.3 | 16.9 | 18.7 | 1.8 | 1.9 | 2.0 |
| H00-H59 | Болести на окото и на аднексите | 1434 | 1160 | 2117 | 1.48 | 1.83 | 3.1 | 3.6 | 2.2 | 2.4 | 1.9 | 3.4 |
| H60-H95 | Болести на увото и на мастоидниот израсток | 211 | 246 | 407 | 1.93 | 1.65 | 11.0 | 12.3 | 5.6 | 0.4 | 0.4 | 0.7 |
| I00-I99 | Болести на циркулаторниот систем | 11105 | 9618 | 8751 | 0.79 | 0.91 | 9.4 | 10.0 | 9.9 | 18.4 | 15.8 | **14.2** |
| J00-J99 | Болести на респираторниот систем | 8271 | 7989 | 9924 | 1.20 | 1.24 | 7.6 | 8.2 | 8.2 | 13.7 | 13.1 | **16.1** |
| K00-K93 | Болести на дигестивниот систем | 6837 | 5598 | 5651 | 0.83 | 1.01 | 4.9 | 6.2 | 6.6 | 11.3 | 9.2 | 9.2 |
| L00-L99 | Болести на кожата и на поткожното ткиво | 1562 | 1368 | 1590 | 1.02 | 1.16 | **5.9** | **7.2** | **7.1** | 2.6 | 2.2 | 2.6 |
| M00-M99 | Болести на мускулноскелетниот систем и сврзното ткиво | 3053 | 3381 | 3521 | 1.15 | 1.04 | 14.6 | 13.0 | 13.6 | 5.1 | 5.6 | 5.7 |
| N00-N99 | Болести на генитоуринарниот систем | 6029 | 7125 | 8028 | 1.33 | 1.13 | **4.9** | **5.2** | **5.1** | 10.0 | 11.7 | **13.0** |
| O00-O99 | Бременост, породување и пуерпериум | 1890 | 2007 | 2249 | 1.19 | 1.12 | 2.6 | 2.8 | 2.4 | 3.1 | 3.3 | 3.7 |
| P00-P96 | Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период | 437 | 381 | 258 | 0.59 | 0.68 | **7.3** | **10.0** | **10.7** | 0.7 | 0.6 | 0.4 |
| Q00-Q99 | Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности | 728 | 716 | 771 | 1.06 | 1.08 | 6.0 | 6.2 | 5.2 | 1.2 | 1.2 | 1.3 |
| R00-R99 | Симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди | 981 | 1039 | 1088 | 1.11 | 1.05 | **5.6** | **7.0** | **6.1** | 1.6 | 1.7 | 1.8 |
| S00-T98 | Повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини | 4124 | 4390 | 4154 | 1.01 | 0.95 | 8.8 | 9.2 | 8.9 | 6.8 | 7.2 | 6.8 |
| Z00-Z99 | Фактори што влијаат на здравствената состојба и контакт со здравствените служби | 2635 | 2524 | 2101 | 0.80 | 0.83 | 6.4 | 6.7 | 7.3 | 4.4 | 4.1 | 3.4 |
| ВКУПНО: | | 68445 | 67025 | 66682 | 0.97 | 0.99 | 11.7 | 18.5 | 11.9 | 113.6 | 110.0 | 108.4 |

## БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ

### СТРУКТУРА НА МОРБИДИТЕТОТ СПОРЕД ГРУПИТЕ НА БОЛЕСТИ ВО СОГЛАСНОСТ СО МКБ-Х И ОДДЕЛНИ ВОЗРАСНИ ГРУПИ ОД ИНТЕРЕС - СКОПСКИОТ РЕГИОН, 2010-2014

| ГРУПИ НА БОЛЕСТИ СПОРЕД МКБ-Х | | ИНДЕКС НА СТРУКТУРА | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 0-14 г. | | | | | >65 г. | | | | |
| | | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 |
| 0 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| A00-B99 | Одредени инфективни и паразитски болести | 37.6 | 43.2 | 42.8 | 46.0 | 43.5 | 7.8 | 5.2 | 10.1 | 9.4 | 7.5 |
| C00-D48 | Неоплазми | 1.4 | 1.6 | 1.5 | 1.8 | 1.5 | 33.2 | 23.6 | 37.8 | **37.7** | **38.2** |
| D50-D89 | Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам | 30.2 | 24.0 | 19.2 | 21.8 | 22.3 | 15.8 | 21.7 | 30.0 | 29.5 | 30.0 |
| E00-E90 | Ендокрини, нутритивни и метаболични болести | 33.9 | 41.5 | 44.5 | 42.3 | 42.7 | 25.1 | 14.3 | 19.5 | 18.4 | 16.9 |
| F00-F99 | Душевни растројства и растројства во обноските | 7.4 | 5.1 | 5.0 | 7.1 | 0.9 | 8.3 | 7.1 | 9.4 | 10.0 | 12.8 |
| G00-G99 | Болести на нервниот систем | 16.1 | 19.3 | 15.6 | 14.7 | 11.3 | 22.0 | 18.0 | 25.4 | 24.0 | 25.7 |
| H00-H59 | Болести на окото и на аднексите | 1.3 | 1.2 | 0.9 | 1.4 | 1.0 | 63.5 | 49.9 | 66.7 | **65.4** | **68.1** |
| H60-H95 | Болести на увото и на мастоидниот израсток | 37.4 | 42.1 | 48.0 | 32.2 | 36.6 | 13.7 | 7.2 | 9.3 | 18.8 | 15.0 |
| I00-I99 | Болести на циркулаторниот систем | 0.8 | 0.8 | 1.1 | 1.3 | 1.2 | 51.7 | 36.8 | 56.0 | **56.3** | **54.7** |
| J00-J99 | Болести на респираторниот систем | 58.7 | 56.2 | 54.7 | 52.3 | 50.5 | 12.6 | 10.5 | 16.5 | 16.2 | 17.3 |
| K00-K93 | Болести на дигестивниот систем | 12.8 | 15.0 | 13.7 | 12.3 | 10.6 | 26.9 | 17.6 | 27.7 | 28.2 | 29.1 |
| L00-L99 | Болести на кожата и на поткожното ткиво | 17.2 | 13.8 | 17.8 | 16.0 | 13.3 | 13.3 | 10.0 | 15.7 | 18.2 | 18.2 |
| M00-M99 | Болести на мускулноскелетниот систем и сврзното ткиво | 3.1 | 2.3 | 2.7 | 2.4 | 2.5 | 32.1 | 25.2 | 38.7 | **40.0** | **42.2** |
| N00-N99 | Болести на генитоуринарниот систем | 7.0 | 7.1 | 6.5 | 6.6 | 6.2 | 18.7 | 13.7 | 20.4 | 20.5 | 22.6 |
| O00-O99 | Бременост, породување и пуерпериум | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| P00-P96 | Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Q00-Q99 | Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности | 70.9 | 65.0 | 61.0 | 54.2 | 60.7 | 2.2 | 1.0 | 2.2 | 2.0 | 1.3 |
| R00-R99 | Симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди | 67.5 | 57.5 | 55.0 | 52.4 | 31.9 | 10.5 | 11.0 | 18.7 | 17.7 | 24.4 |
| S00-T98 | Повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини | 14.6 | 14.1 | 14.4 | 13.0 | 14.2 | 25.0 | 21.2 | 26.7 | **29.8** | **29.4** |
| Z00-Z99 | Фактори што влијаат на здравствената состојба и контакт со здравствените служби | 3.9 | 4.4 | 5.7 | 6.0 | 8.1 | 19.3 | 11.6 | 17.2 | 19.4 | 19.4 |
| ВКУПНО: | | 16.1 | 16.1 | 16.0 | 16.4 | 15.8 | 27.1 | 19.9 | 29.1 | 28.7 | 29.5 |

## БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ

## ГРАД СКОПЈЕ, 2010-2014

| ГРУПИ НА БОЛЕСТИ СПОРЕД МКБ-X | | ЛЕКУВАНИ БОЛНИ | | | | | Морбидитет на 1000 жители во 2010 | Морбидитет на 1000 жители во 2012 | Морбидитет на 1000 жители во 2014 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2010 | 2012 | 2014 | Индекс 14/10 | Индекс 14/12 | | | |
| 0 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| A00-B99 | Одредени инфективни и паразитски болести | 2151 | 2038 | 1777 | 0.8 | 0.9 | 4.1 | 3.8 | 3.3 |
| C00-D48 | Неоплазми | 11614 | 11249 | 8495 | 0.7 | 0.8 | 22.1 | 21.2 | 15.9 |
| D50-D89 | Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам | 477 | 600 | 542 | 1.1 | 0.9 | 0.9 | 1.1 | 1.0 |
| E00-E90 | Ендокрини, нутритивни и метаболични болести | 1332 | 1876 | 1727 | 1.3 | 0.9 | 2.5 | 3.5 | 3.2 |
| F00-F99 | Душевни растројства и растројства во обноските | 1824 | 1820 | 1570 | 0.9 | 0.9 | 3.5 | 3.4 | 2.9 |
| G00-G99 | Болести на нервниот систем | 1046 | 1055 | 1140 | 1.1 | 1.1 | 2.0 | 2.0 | 2.1 |
| H00-H59 | Болести на окото и на аднексите | 1318 | 1117 | 1993 | 1.5 | 1.8 | 2.5 | 2.1 | 3.7 |
| H60-H95 | Болести на увото и на мастоидниот израсток | 196 | 229 | 360 | 1.8 | 1.6 | 0.4 | 0.4 | 0.7 |
| I00-I99 | Болести на циркулаторниот систем | 10908 | 9312 | 8369 | 0.8 | 0.9 | 20.8 | 17.6 | 15.6 |
| J00-J99 | Болести на респираторниот систем | 8032 | 7670 | 9509 | 1.2 | 1.2 | 15.3 | 14.5 | 17.8 |
| K00-K93 | Болести на дигестивниот систем | 6451 | 5170 | 5198 | 0.8 | 1.0 | 12.3 | 9.7 | 9.7 |
| L00-L99 | Болести на кожата и на поткожното ткиво | 1473 | 1281 | 1471 | 1.0 | 1.1 | 2.8 | 2.4 | 2.7 |
| M00-M99 | Болести на мускулноскелетниот систем и сврзното ткиво | 2916 | 3255 | 3375 | 1.2 | 1.0 | 5.5 | 6.1 | 6.3 |
| N00-N99 | Болести на генитоуринарниот систем | 5868 | 6824 | 7676 | 1.3 | 1.1 | 11.2 | 12.9 | 14.3 |
| O00-O99 | Бременост, породување и пуерпериум | 1716 | 1850 | 2050 | 1.2 | 1.1 | 3.3 | 3.5 | 3.8 |
| P00-P96 | Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период | 437 | 379 | 258 | 0.6 | 0.7 | 0.8 | 0.7 | 0.5 |
| Q00-Q99 | Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности | 701 | 680 | 731 | 1.0 | 1.1 | 1.3 | 1.3 | 1.4 |
| R00-R99 | Симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди | 959 | 1015 | 1043 | 1.1 | 1.0 | 1.8 | 1.9 | 1.9 |
| S00-T98 | Повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини | 3774 | 3995 | 3771 | 1.0 | 0.9 | 7.2 | 7.5 | 7.0 |
| Z00-Z99 | Фактори што влијаат на здравствената состојба и контакт со здравствените служби | 2539 | 2416 | 2017 | 0.8 | 0.8 | 4.8 | 4.6 | 3.8 |
| ВКУПНО: | | 65732 | 63831 | 63072 | 1.0 | 1.0 | 125.1 | 120.4 | 117.8 |

## БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ

## ОПШТИНА АЕРОДРОМ, 2010-2014

| ГРУПИ НА БОЛЕСТИ СПОРЕД МКБ-X | | ЛЕКУВАНИ БОЛНИ | | | | | Морбидитет на 1000 жители во 2010 | Морбидитет на 1000 жители во 2012 | Морбидитет на 1000 жители во 2014 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2010 | 2012 | 2014 | Индекс 14/10 | Индекс 14/12 | | | |
| 0 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| A00-B99 | Одредени инфективни и паразитски болести | 181 | 199 | 181 | 1.0 | 0.9 | 2.4 | 2.6 | 2.4 |
| C00-D48 | Неоплазми | 929 | 875 | 886 | 1.0 | 1.0 | 12.4 | 11.6 | 11.6 |
| D50-D89 | Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам | 47 | 40 | 42 | 0.9 | 1.1 | 0.6 | 0.5 | 0.5 |
| E00-E90 | Ендокрини, нутритивни и метаболични болести | 83 | 70 | 73 | 0.9 | 1.0 | 1.1 | 0.9 | 1.0 |
| F00-F99 | Душевни растројства и растројства во обноските | 130 | 141 | 109 | 0.8 | 0.8 | 1.7 | 1.9 | 1.4 |
| G00-G99 | Болести на нервниот систем | 92 | 89 | 143 | 1.6 | 1.6 | 1.2 | 1.2 | 1.9 |
| H00-H59 | Болести на окото и на аднексите | 101 | 131 | 226 | 2.2 | 1.7 | 1.3 | 1.7 | 3.0 |
| H60-H95 | Болести на увото и на мастоидниот израсток | 9 | 19 | 43 | 4.8 | 2.3 | 0.1 | 0.3 | 0.6 |
| I00-I99 | Болести на циркулаторниот систем | 355 | 606 | 766 | 2.2 | 1.3 | 4.7 | 8.0 | 10.0 |
| J00-J99 | Болести на респираторниот систем | 339 | 412 | 548 | 1.6 | 1.3 | 4.5 | 5.4 | 7.2 |
| K00-K93 | Болести на дигестивниот систем | 463 | 394 | 463 | 1.0 | 1.2 | 6.2 | 5.2 | 6.1 |
| L00-L99 | Болести на кожата и на поткожното ткиво | 138 | 136 | 200 | 1.4 | 1.5 | 1.8 | 1.8 | 2.6 |
| M00-M99 | Болести на мускулноскелетниот систем и сврзното ткиво | 223 | 327 | 388 | 1.7 | 1.2 | 3.0 | 4.3 | 5.1 |
| N00-N99 | Болести на генитоуринарниот систем | 370 | 472 | 526 | 1.4 | 1.1 | 4.9 | 6.2 | 6.9 |
| O00-O99 | Бременост, породување и пуерпериум | 77 | 85 | 93 | 1.2 | 1.1 | 1.0 | 1.1 | 1.2 |
| P00-P96 | Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период | 3 | 1 | 9 | 3.0 | 9.0 | 0.0 | 0.0 | 0.1 |
| Q00-Q99 | Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности | 31 | 28 | 46 | 1.5 | 1.6 | 0.4 | 0.4 | 0.6 |
| R00-R99 | Симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди | 27 | 38 | 86 | 3.2 | 2.3 | 0.4 | 0.5 | 1.1 |
| S00-T98 | Повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини | 269 | 300 | 320 | 1.2 | 1.1 | 3.6 | 4.0 | 4.2 |
| Z00-Z99 | Фактори што влијаат на здравствената состојба и контакт со здравствените служби | 145 | 133 | 85 | 0.6 | 0.6 | 1.9 | 1.8 | 1.1 |
| ВКУПНО: | | 4012 | 4496 | 5233 | 1.3 | 1.2 | 53.6 | 59.5 | 68.5 |

## БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ

## ОПШТИНА БУТЕЛ, 2010-2014

| ГРУПИ НА БОЛЕСТИ СПОРЕД МКБ-X | | ЛЕКУВАНИ БОЛНИ | | | | | Морбидитет на 1000 жители во 2010 | Морбидитет на 1000 жители во 2012 | Морбидитет на 1000 жители во 2014 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2010 | 2012 | 2014 | Индекс 14/10 | Индекс 14/12 | | | |
| 0 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| A00-B99 | Одредени инфективни и паразитски болести | 101 | 93 | 81 | 0.8 | 0.9 | 2.7 | 2.4 | 2.1 |
| C00-D48 | Неоплазми | 331 | 315 | 286 | 0.9 | 0.9 | 8.8 | 8.3 | 7.5 |
| D50-D89 | Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам | 15 | 17 | 13 | 0.9 | 0.8 | 0.4 | 0.4 | 0.3 |
| E00-E90 | Ендокрини, нутритивни и метаболични болести | 33 | 48 | 32 | 1.0 | 0.7 | 0.9 | 1.3 | 0.8 |
| F00-F99 | Душевни растројства и растројства во обноските | 53 | 28 | 55 | 1.0 | 2.0 | 1.4 | 0.7 | 1.4 |
| G00-G99 | Болести на нервниот систем | 34 | 48 | 39 | 1.1 | 0.8 | 0.9 | 1.3 | 1.0 |
| H00-H59 | Болести на окото и на аднексите | 46 | 48 | 104 | 2.3 | 2.2 | 1.2 | 1.3 | 2.7 |
| H60-H95 | Болести на увото и на мастоидниот израсток | 4 | 13 | 29 | 7.3 | 2.2 | 0.1 | 0.3 | 0.8 |
| I00-I99 | Болести на циркулаторниот систем | 137 | 208 | 283 | 2.1 | 1.4 | 3.6 | 5.5 | 7.4 |
| J00-J99 | Болести на респираторниот систем | 156 | 221 | 284 | 1.8 | 1.3 | 4.2 | 5.8 | 7.4 |
| K00-K93 | Болести на дигестивниот систем | 283 | 252 | 253 | 0.9 | 1.0 | 7.5 | 6.6 | 6.6 |
| L00-L99 | Болести на кожата и на поткожното ткиво | 43 | 51 | 74 | 1.7 | 1.5 | 1.1 | 1.3 | 1.9 |
| M00-M99 | Болести на мускулноскелетниот систем и сврзното ткиво | 103 | 133 | 174 | 1.7 | 1.3 | 2.7 | 3.5 | 4.5 |
| N00-N99 | Болести на генитоуринарниот систем | 138 | 237 | 235 | 1.7 | 1.0 | 3.7 | 6.2 | 6.1 |
| O00-O99 | Бременост, породување и пуерпериум | 88 | 83 | 100 | 1.1 | 1.2 | 2.3 | 2.2 | 2.6 |
| P00-P96 | Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период | 0 | 1 | 3 | | 3.0 | 0.0 | 0.0 | 0.1 |
| Q00-Q99 | Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности | 23 | 17 | 14 | 0.6 | 0.8 | 0.6 | 0.4 | 0.4 |
| R00-R99 | Симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди | 12 | 17 | 31 | 2.6 | 1.8 | 0.3 | 0.4 | 0.8 |
| S00-T98 | Повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини | 163 | 161 | 173 | 1.1 | 1.1 | 4.3 | 4.2 | 4.5 |
| Z00-Z99 | Фактори што влијаат на здравствената состојба и контакт со здравствените служби | 71 | 71 | 67 | 0.9 | 0.9 | 1.9 | 1.9 | 1.7 |
| ВКУПНО: | | 1834 | 2062 | 2330 | 1.3 | 1.1 | 48.8 | 54.3 | 60.8 |

## БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ

## ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, 2010-2014

| ГРУПИ НА БОЛЕСТИ СПОРЕД МКБ-X | | ЛЕКУВАНИ БОЛНИ | | | | | Морбидитет на 1000 жители во 2010 | Морбидитет на 1000 жители во 2012 | Морбидитет на 1000 жители во 2014 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2010 | 2012 | 2014 | Индекс 14/10 | Индекс 14/12 | | | |
| 0 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| A00-B99 | Одредени инфективни и паразитски болести | 356 | 285 | 214 | 0.6 | 0.8 | 4.7 | 3.7 | 2.8 |
| C00-D48 | Неоплазми | 1507 | 1306 | 1131 | 0.8 | 0.9 | 19.9 | 17.2 | **14.8** |
| D50-D89 | Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам | 84 | 90 | 70 | 0.8 | 0.8 | 1.1 | 1.2 | 0.9 |
| E00-E90 | Ендокрини, нутритивни и метаболични болести | 220 | 284 | 199 | 0.9 | 0.7 | 2.9 | 3.7 | 2.6 |
| F00-F99 | Душевни растројства и растројства во обносоките | 263 | 872 | 636 | 2.4 | 0.7 | 3.5 | 11.5 | 8.3 |
| G00-G99 | Болести на нервниот систем | 181 | 200 | 189 | 1.0 | 0.9 | 2.4 | 2.6 | 2.5 |
| H00-H59 | Болести на окото и на аднексите | 252 | 192 | 254 | 1.0 | 1.3 | 3.3 | 2.5 | 3.3 |
| H60-H95 | Болести на увото и на мастоидниот израсток | 33 | 33 | 38 | 1.2 | 1.2 | 0.4 | 0.4 | 0.5 |
| I00-I99 | Болести на циркулаторниот систем | 1677 | 1218 | 1144 | 0.7 | 0.9 | 22.2 | 16.0 | **14.9** |
| J00-J99 | Болести на респираторниот систем | 1225 | 1149 | 1340 | 1.1 | 1.2 | 16.2 | 15.1 | **17.5** |
| K00-K93 | Болести на дигестивниот систем | 1110 | 888 | 779 | 0.7 | 0.9 | 14.7 | 11.7 | 10.2 |
| L00-L99 | Болести на кожата и на поткожното ткиво | 248 | 191 | 206 | 0.8 | 1.1 | 3.3 | 2.5 | 2.7 |
| M00-M99 | Болести на мускулноскелетниот систем и сврзното ткиво | 522 | 590 | 595 | 1.1 | 1.0 | 6.9 | 7.8 | 7.8 |
| N00-N99 | Болести на генитоуринарниот систем | 1416 | 1117 | 1202 | 0.8 | 1.1 | 18.7 | 14.7 | 15.7 |
| O00-O99 | Бременост, породување и пуерпериум | 246 | 263 | 294 | 1.2 | 1.1 | 3.2 | 3.5 | 3.8 |
| P00-P96 | Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период | 83 | 55 | 45 | 0.5 | 0.8 | 1.1 | 0.7 | 0.6 |
| Q00-Q99 | Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности | 122 | 94 | 119 | 1.0 | 1.3 | 1.6 | 1.2 | 1.6 |
| R00-R99 | Симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди | 153 | 164 | 152 | 1.0 | 0.9 | 2.0 | 2.2 | 2.0 |
| S00-T98 | Повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини | 622 | 668 | 614 | 1.0 | 0.9 | 8.2 | 8.8 | 8.0 |
| Z00-Z99 | Фактори што влијаат на здравствената состојба и контакт со здравствените служби | 390 | 378 | 279 | 0.7 | 0.7 | 5.2 | 5.0 | 3.6 |
| ВКУПНО: | | 10710 | 10037 | 9500 | 0.9 | 0.9 | 141.5 | 131.9 | 123.9 |

## БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ

## ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ, 2010-2014

| ГРУПИ НА БОЛЕСТИ СПОРЕД МКБ-X | | ЛЕКУВАНИ БОЛНИ | | | | | Морбидитет на 1000 жители во 2010 | Морбидитет на 1000 жители во 2012 | Морбидитет на 1000 жители во 2014 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2010 | 2012 | 2014 | Индекс 14/10 | Индекс 14/12 | | | |
| 0 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| A00-B99 | Одредени инфективни и паразитски болести | 124 | 103 | 105 | 0.8 | 1.0 | 3.0 | 2.5 | 2.5 |
